ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-491/3
20-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница, одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

СЕ ОТФРЛА пријавата со бр. 09-3471/1 од 30.12.2025 година поднесена од непознат подносител против лицето -------, ВД директор на СОУ „-----.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3471/1 од 30.12.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи за постоење непотизам во СОУ ----. Според изнесеното во пријавата, во СОУ „----" – -----вработени се две блиски лица и тоа едното е на работно место секретар на училиштето, додека пак другото лице --------- е назначена за В.Д. директор.

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека за пријавеното лице ---------- веќе е постапувано по друг предмет со исти наводи со бр. 09-401/1 од 27.01.2025 година и е донесена Одлука со бр. 09-401/6 од 03.04.2025 година.

Врз основа на утврдената фактичка состојба во донесената Одлука со бр. 09-401/6 од 03.04.2025 година, ДКСК оцени дека во конкретниот случај кај пријавеното лице не е утврдено постоење на состојба на судир на интереси и постапување спротивно на законските одредби од член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно наводите од пријавата не се потврдуваат, лицата -------- – Стојкова е блиско лица на лицето -------- но истото е вработено во училиштето кога таа била вработена во училиштето на работно место наставник по македонски јазик.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија констатира дека наводите во пријавата со бр. 09-3471/1 од 30.12.2025 година не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кои не постои забрана блиски лица да бидат вработени во ист орган.

Имено, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси единствено содржи забрана за службено лице да врши влијание при вработување блиски роднини, но во пријавата не се изнесени наводи со таква содржина, и при натамошното извршување на службени должности како службено лице директор во на СОУ --------, треба да внимава да не се доведе до судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку службеното лице се најде во некоја ситуација која може да го доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да постапи согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“

Имајќи го во предвид горе наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar